Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 80, став 5 и член 199, став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), на седницата одржана на 28 ноември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на Правилата за набавка на електрична енергија на отворен пазар од страна на ЕВН Македонија АД Скопје**

1. Правилата за набавка на електрична енергија на отворен пазар од страна на ЕВН Македонија АД Скопје, СЕ ОДОБРУВААТ.

2. Одобрените Правила за набавка на електрична енергија на отворен пазар од страна на ЕВН Македонија АД Скопје се во прилог на ова Решение.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

ЕВН Македонија АД Скопје согласно член 80, став 5 и член 199, став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија со допис број 09 – 3812/1 од 16 ноември 2017 година, достави предлог текст на Правилата за набавка на електрична енергија на отворен пазар од страна на ЕВН Македонија АД Скопје, заради одобрување. Овие Правила ЕВН Македонија АД Скопје ги достави во својство на снабдувач во краен случај со електрична енергија и снабдувач на електрична енергија за тарифни потрошувачи.

По предлог текстот на Правилата за набавка на електрична енергија на отворен пазар од страна на ЕВН Македонија АД Скопје се одржа подготвителна седница на 27.11.2017 година во просториите на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија. Имајќи во предвид дека на подготвителната седница немаше забелешки во однос на доставениот предлог текст, на ден 28 ноември 2017 година се одржа и главна седница на Регулаторната комисија за енергетика.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, незадоволната страна може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во Службен весник на Република Македонија.

**бр. 02-1970/1**
**28.11.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**